СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

Република Македонија
1000 Скопје
Димитрие Чуповски 13
П.Фах 324
Телефон: (02) 3244000
Факс: (02) 3244088

Republic of Macedonia
1000 Skopje
Dimitrie Cupovski 13
P.O.Box 324
Phone: + 389 2 3244000
Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@ic.mchamber.org.mk
http://www.mchamber.org.mk

# ПРОЦЕДУРИ

## за заверка на сертификати со потекло на стоката (ORIGIN и FORM-A)

Врз основа на член 30 и 35 од Уредбата за спроведување на Царинскиот Закон/Сл.весник на РМ бр.66/2005/ надлежен орган за издавање уверенија за македонско потекло е Стопанската комора на Македонија.

1. Бланко формуларите на сертификатите предходно им се даваат на заинтересираните баратели со уплата преку жиро сметка на Стопанската комора на Македонија согласно Тарифникот.
2. Пополнети и потпишани сертификати барателот ги приложува во Вашата бизнис канцеларија.
3. Доколку барателот се јавува прв пат покрај пополнетиот сертификат приложува и :
   - Фотокопија со целосна регистрација на друштвото
   - Фотокопија на картон со депонирани потписи
   - Генерална листа на асортиманот на стоки кои ги произведува
   - Изјава од одговорно лице од производителот дека под морална материјална и кривична одговорност изјавува дека тие производи што се наведени во сертификатот со конкретни тарифни броеви се произведени кај производителот.
   - Доколку барателот бара сертификат за одредени сезонски земјоделски и шумски производи, барателот извозник приложува документ за регистрирана откупна станица доколку самиот ги откупува од производителот или изјава од фирма која врши откуп преку своја откупна станица.
4. Доколку се бара сертификат на потекло на стоката , а се работи за доработка, покрај предходно наведената документација барателот треба да достави и фотокопија од фактура, профактура, документ за потеклото на увезениот материјал.

5. Доколку фирмата се јавува вторпат барателот си ги купува сертификатите, ги пополнува и потпишува со уплата преку жиро сметка на Стопанската комора на Македонија согласно Тарифникот. Кон нив доставува и изјава од производителот потпишана од одговорно лице од производителот дека под морална материјална и кривична одговорност изјавува дека производите што се наведени во сертификатот со конкретни тарифни броеви се произведени кај производителот.
6. Во случај на барање за издавање на бланко сертификати (без видот на стоката, количина и транспорт) на барателот ке му се завери во случај на извоз на свежи сезонски земјоделски и шумски производи. Барателот има обврска предходно да достави изјава со список на производи пред извршениот извоз и сертификатите со сериски број . Извозникот е должен во рок од 24 часа по факс или по електронска пошта да го достави реализираниот сертификат заедно со ИЦД и документ за извршен фитосанитарен преглед. Оригиналниот сертификат и другите документи треба да се раздолжат најдоцна во рок од 7 дена.

International Chamber of Commerce
EUROCHAMBRES
Association of Balkan Chambers
Balkan Center for Trade Promotion
SECI
CEI CENTRAL EUROPEAN INITIATIVE
FIATA
GS1 Macedonia
EAN MACEDONIA
ISO 9001:2000
ATA carnet
EURO INFO CENTRE

Доколку не се раздолжени сите сертификати од предходната изјава не може да подигне нови бланко сертификати.

7. Лицето од Ваша бизнис канцеларија ја проверува техничката документација и доколку ево ред става параф и веднаш доставува на потпис кај овластените лица Ацо Спасовски и Лазо Ангелелевски кои веднаш ги потпишуваат и им се даваат на барателите со заверен печат.

За одредени стоки, веродостојноста на изјавата од производителот за потеклото на стоката по потреба предходно ја проверува и писмено се изјаснува лицето од соодветната служба во чија дејност се наоЃаат наведените асортимани на стоки.

8. Доколку се работи за случај на дополнително барање сертификат во случај кога стоката е извезена без нив, од барателот покрај предходно наведените документи лицето во Ваша бизнис канцеларија бара тој да достави и извозна царинска декларација за да му се заверат сертификатите и во рубриката забелешка се става 'дополнително издадено"

9. Доколку се работи за случаи на кражба, губење или уништување на предходно издаден сертификат, извозникот доставува барање за издавање на дупликат врз основа на извозните документи што ги поседува и во забелешка се става'дупликат' и датумот на издавање треба да го носи датумот на издавање на оригиналниот сертификат и ке важи од тој датум.

10. Лицата од Ваша бизнис канцеларија ги внесуваат податоците за заверените сертификати во базата на податоци во Стопанската комора на Македонија.

11. Целокупната документација Вашата бизнис канцеларија ја чува 3 години согласно член 35 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон (Службен Весник на Р.М. бр. 66/2005 год.

12. Непостапувањето согласно оваа процедура од сите лица повлекува одговорност согласно актите на Комората.

Дирекција за деловни и општи услуги
Директор,
М-р. Ацо Спасовски

Дирекција за промовирање и информирање на членките
Директор,
Љубица Нури

Дирекција за претставување и застапување
на интересите на членките
Директор,
Стојмирка Тасевска

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР,
М-р.Јелисавета Георгиева

Скопје 11.07.2007г.